ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БР.19 ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА МЕНТОРСКА ПОДДРШКА**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје во рамките на реализација на проектот „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува **Повик за обезбедување на менторска поддршка за изработка на антикорупциски и акти за транспарентност на јавните претпријатија.**

Предметот на менторската поддршка се состои во поддршка при изработка на (1) нови акти или (2) промена и усогласување на постојни акти, а кои се однесуваат на: правила за процена на ризици и етички кодекси, правила за транспарентност и судир на интереси, правила за прием на подароци од вработени и слично. Менторската поддршка е насочена кон зајакнување на капацитетите на јавните претпријатија, во подготовка на претходно наведените акти, а поврзани со Законот за јавни претпријатијата, Закон за судир на интереси, Закон за внатрешна ревизија во јавен сектор и слично, како и Заклучокот на Владата од 2022 година за изработка на план за процена на ризици од корупција.

Повикот за пријавување е отворен до **25 јули 2023 година**. Јавното претпријатие кое се пријавува на повикот, во пријавата наведува, дали менторската поддршка ја бара за изработка на нови акти или за промена и усогласување на постојни акти. Доколку се бара менторска поддршка за промена и усогласување на постојни акти, со пријавата се доставуваат и постојните акти, како и опис на слабостите од постојните акти со кои се соочуваат во пракса.

**Менторската поддршка е овозможена без надомест.**

Пријавата се доставува по електронски пат на следната електронска пошта: **isie@mail.org.**